Број: 11-124/2
Датум: 11.01.2022
Скопје

Врз основа на член 35, став 1,2,3,4,5,6,7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ССЗ 02, Блок 04, Општина Карпош**

Јавната анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ССЗ 02, Блок 04, Општина Карпош, ќе се одржи од 20.01.2022 до 21.02.2022, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош, Скопје.

Јавната презентација по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ССЗ 02, Блок 04, Општина Карпош, ќе се одржи на 04.02.2022 година, во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Површината на планскиот опфат за Детален урбанистички план за Градска Четврт ССЗ 02 Блок 04 Општина Карпош - Скопје, плански период 2019-2024, изнесува 53,12 ха (531.189,5260 м2) и е со следната граница на плански опфат:

- На северната страна со новопланирана сервисна улица „С1" и градска магистална булевар„Словенечка".
- На запад Новопланираната сервисна улица „С2";
- На јужната страна со сервисна улица „С3" улица „Скупи" и градска маистрална улица „8-ми Септември".
- На исток новопланирана сервисна улица „С4".

Анкетните листови за учество на Јавната анкета ќе бидат во просториите на Општина Карпош.

Соопштението за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ССЗ 02, Блок 04, Општина Карпош, со подетални информации за истиот ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2009

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да доставаат писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

ОПШТИНА КАРПОШ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*